*Република Северна Македонија*
*Republika e Maqedonisë së Veriut*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**ДО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА/**
**DREJTUAR ENTIT SHTETËRORË PËR REVIZION**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Бр./Nr. 08-4117/ 18
18.09.2024 год./viti

**Собрание на Република Северна Македонија**
Бул. 11 Октомври 10 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
**Kuvendi Republikës së Maqedonisë së Veriut**
Bul. 11 Tetori 10 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Е-пошта /E-posta: sobranie@sobranie.mk

**Предмет**: Заклучок по Годишен Извештај
**Lënda**: Konkluzion për Raportin vjetor

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / Pranuar më: 19.09.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr. | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera: |
| 08-824/1 | | | |

Ве известувам дека Собранието на Република Северна Македонија на Четиринаесеттата седница одржана на 17 септември 2024 година го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија во 2023 година и врз основа на претресот ги усвои следните заклучоци

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија во 2023 година.

2. Собранието констатира дека Државниот завод за ревизија во 2023 година ја реализирал Годишната програма за работа и изготвил извештаи кои содржат, реални и објективни информации за работењето на ревидираните субјекти.

3. Државниот завод за ревизија дал јасни и ефективни препораки за начинот на постапување на ревидираните субјекти, во насока на надминување на констатираните слабости и отстранување на причините за утврдените состојби, а со цел обезбедување на ефикасност, ефективност, транспарентност и наменско трошење на јавните средства од страна на субјектите предмет на ревизија.

Ju njoftoj se Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e katërmbëdhjetë të mbajtur më 17 shtator 2024 e shqyrtoi Raportin vjetor për revizionet e kryera dhe për punën e Entit Shtetëror për Revizion në vitin 2023 dhe në bazë të debatit miratoi konkluzionet në vijim

## KONKLUZION

1. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut shqyrtoi dhe miratoi Raportin vjetor për reviziononet e kryera dhe punën e Entit Shtetëror për Revizion në vitin 2023.

2. Kuvendi thekson se Enti Shtetëror i Revizionit në vitin 2023 ka realizuar Programin Vjetor të Punës dhe ka përgatitur raporte që përmbajnë informacione reale dhe objektiva për punën e subjekteve të reviduara.

3. Enti Shtetëror ka dhënë rekomandime të qarta dhe efektive për mënyrën e veprimit të subjekteve të reviduara, në drejtim të tejkalimit të dobësive të konstatuara dhe eliminimit të shkaqeve të situatave të konstatuara, me qëllim sigurimin e efikasitetit, efektivitetit, transparencës dhe të qëllimshme të shpenzimit të mjeteve publike nga subjektet që i nënshtrohen revizionit.

4. Собранието констатира дека Државниот завод за ревизија во 2023 година го зголемил опфатот на ревидирани расходи во однос на вкупните буџетски средства. Државниот завод за ревизија ја зголемил додадената вредност од извршените ревизии, посебно во висината на утврдени помалку пресметани, вратени или уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија и во буџетите на Единиците на локална самоуправа. На овој начин Државниот завод за ревизија дал значаен придонес за зајакнување на институциите и менаџерската одговорност во државните органи и субјектите од јавниот сектор.

5. Државниот завод за ревизија обезбедува корективно постапување кај субјектите предмет на ревизија, ги проследува утврдените состојби доставувајќи ги конечните ревизорски извештаи за оние субјекти каде се утврдени неправилности до надлежните органи, обезбедува висок степен на транспарентност објавувајќи ги конечните ревизорски извештаи, ја следи постојаната законска регулатива и дава препораки за подобрување на истата.

6. Годишниот извештај во целина, збирните извештаи и поединечните извештаи за извршените ревизии содржат точни и објективни информации засновани на факти, наоди и препораки.

7. Собранието го поддржува Државниот завод за ревизија при подготовка на Годишната програма за работа да ги вклучува и барањата за ревизија поднесени од граѓаните и другите засегнати стран, преку апликацијата објавена на веб страницата на ДЗР ,,образец за барање на ревизија“, а со цел да се зголеми транспарентноста, отчетноста и отвореноста во извршувањето на неговите законски утврдени надлежности.

8. Собранието го поддржува Државниот завод за ревизија во извршувањето на активностите за превенирање на корупцијата и коруптивното однесување на правните субјекти од јавниот сектор кои ги презема согласно овластувањата и обврските утврдени во Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупција и судир на интереси и други релевантни акти.

4. Kuvendi thekson se Enti Shtetëror i Revizionit në vitin 2023 ka rritur shtrirjen e shpenzimeve të reviduara në raport me mjetet e përgjithshme buxhetore. Enti Shtetëror për Revizion e rriti vlerën e shtuar nga kontrollet e kryera, veçanërisht në shumën e mjeteve më pak të llogaritura, të kthyera apo të paguara në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në buxhetet e njësive të vetëqeverisjes lokale. Në këtë mënyrë Enti Shtetëror i Revizionit dha një kontribut të rëndësishëm në forcimin e institucioneve dhe përgjegjësisë menaxheriale në organet shtetërore dhe subjektet nga sektori publik.

5. Enti Shtetëror për Revizion siguron veprime korrigjuese për subjektet që i nënshtrohen revizionit, përcjell situatat e përcaktuara duke paraqitur raportet përfundimtare të revizionit për ato subjekte ku janë konstatuar parregullsi pranë autoriteteve kompetente, siguron një shkallë të lartë transparence duke publikuar raporte përfundimtare të revizionit, ndjek rregulloren e përhershme ligjore dhe jep rekomandime për përmirësimin e tij.

6. Raporti vjetor në tërësi, raportet përmbledhëse dhe raportet individuale për revizionet e kryera përmbajnë informacion të saktë dhe objektiva të bazuara në fakte, gjetje dhe rekomandime.

7. Kuvendi mbështet Entin Shtetëror të Revizionit në përgatitjen e Programit Vjetor të Punës që të përfshijë kërkesat e revizionit të paraqitura nga qytetarët dhe palët e tjera të interesuara, përmes aplikacionit të publikuar në faqen e internetit të ESHR-së, “formulari i kërkesës për revizion”, dhe me qëllim rritjen e transparencë, llogaridhënie dhe çiltërsi në kryerjen e kompetencave të saj të përcaktuara me ligj.

8. Kuvendi mbështet Entin Shtetëror të Revizionit në kryerjen e aktiviteteve për parandalimin e korrupsionit dhe sjelljeve korruptive të personave juridikë nga sektori publik, të cilat i ndërmerr në përputhje me kompetencat dhe detyrimet e përcaktuara në Ligjin për revizionin shtetëror, Ligjin për Parandalimin e Korrupsioni dhe Konfliktit të Interesave dhe akte të tjera relevante.

9. Со цел унапредување на управувањето со јавните средства и водење грижа за нивното користење, навремено откривање на отстапувањата на прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност, Државниот завод за ревизија дал јасни препораки до субјектите предмет на ревизија за чекорите кои треба да ги преземат, со цел отстапувањата и повредите во иднина да се спречат или отежнат. Бидејќи, Државниот завод за ревизија при ревизијата на финансиските извештаи, ревизијата на усогласеност и ревизијата на успешност констатирал одредени состојби и отстапувања, Собранието укажува дека е потребно субјектите кои се предмет на ревизија да постапуваат по препораките на Државниот завод за ревизија, со цел подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства, а Државниот завод за ревизија преку посебни ревизии да продолжи да го следи спроведувањето на дадените препораки.

10. Со оглед на тоа што Државниот завод за ревизија констатирал системски слабости и недоречености во одредени законски решенија и укажал на потребата од нивно надминување, Собранието посочува дека е потребно да се интервенира во соодветните законски и подзаконски акти со цел зајакнување на правниот систем во државата.

11. Собранието констатира дека согласно Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на Финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија – сметка на основен буџет, сопствена сметка на ДЗР, сметка на донации-Проект грант од SAUDI-FISP (Донација од Врховната ревизорска институција на Саудиска Арабија) и сметка на донации-Проект грант од ЕУРОСАИ , финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија, како и неговите приходи и расходи заклучно со 31 декември 2023 година, во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

12. Државниот завод за ревизија навремено и објективно го известува

9. Me qëllim përmirësimin e menaxhimit të fondeve publike dhe kujdesin për përdorimin e tyre, zbulimin në kohë të devijimeve nga standardet e pranuara dhe shkeljet e parimeve të ligjshmërisë, efikasitetit, efektivitetit dhe ekonomisë, Enti Shtetëror për Revizion ka dhënë rekomandime të qarta subjekteve lëndë të revizionit për hapat që duhet të ndërmarrin, për të parandaluar ose përkeqësuar devijimet dhe dëmtimet në të ardhmen. Meqenëse Enti Shtetëror i Revizionit gjatë revizionit të raporteve financiare, revizioni i harmonizimit dhe revizionit të suksesit ka konstatuar situata dhe devijime të caktuara, Kuvendi thekson se është e nevojshme që subjektet që i nënshtrohen revizionit të veprojnë sipas rekomandimeve të Entit Shtetëror për Revizion, me qëllim të përmirësimit të menaxhimit financiar dhe shpenzimit të përgjegjshëm të fondeve publike, dhe Enti Shtetëror i Revizionit të vazhdojë të ndjek zbatimin e rekomandimeve të dhëna .

10. Duke qenë se Enti Shtetëror për Revizion ka konstatuar dobësi sistematike dhe pavendosmëri në disa zgjidhje ligjore dhe ka theksuar nevojën për tejkalimin e tyre, Kuvendi thekson se është e nevojshme të ndërhyhet në aktet ligjore dhe nënligjore përkatëse për forcimin e sistemit juridik në shtet.

11. Kuvendi konsaton se sipas Raportit të revizionit të pavarur për revizion e kryer të Raporteve Financiare të Entit Shtetëror të Revizionit - llogaria e buxhetit bazë, llogaria personale e ESHR, llogaria e donacioneve - Granti i projektit nga SAUDI-FISP (Donacion nga Institucioni i Lartë i Revizionit të Arabisë Saudite) dhe llogaria e donacioneve - Granti i projektit nga EUROSAI, raportet financiare paraqesin objektivisht nga të gjitha aspektet materiale gjendjen financiare të Entit Shtetëror të Revizionit, si dhe të ardhurat dhe shpenzimet e saj deri më 31 dhjetor 2023, në përputhje me Ligji për kontabilitetin e buxheteve dhe shfrytëzuesit buxhetorë, Rregullorja për kontabilitetin e buxheteve dhe shfrytëzuesve buxhetorë dhe Rregullorja për zbatimin e standardeve ndërkombëtare të kontabilitetit për sektorin publik në bazë të parave të gatshme.

12. Enti Shtetëror për Revizion informon me kohë

Собранието за својата работа и за ревизорските наоди од спроведените ревизии и му дава поддршка на Собранието во исполнувањето на дел од неговите надлежности, преку утврдување и изнесување на утврдени неправилности, непочитување на законски прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, поради што соработката меѓу двете институции е особено важна.

13. Собранието ќе продолжи да ја зајакнува соработката со Државниот завод за ревизија, во согласност со Законот за државната ревизија и склучениот Меморандум за соработка, особено во насока на воспоставување на ефективен и ефикасен механизам за разгледување на конечните ревизорски извештаи во Собранието, а со цел да се зајакне парламентарниот надзор и контрола на трошењето на јавните средства. Стратешка цел и приоритет во идниот период ќе биде јакнење на независноста и самостојноста на Државниот завод за ревизија преку негово втемелување во Уставот на Република Северна Македонија, како и донесување на нов Закон за државна ревизија усогласен со законодавството на земјите членки на ЕУ и праксата на Врховните ревизорски институции членки на ЕУРОСАИ.

14. Овие заклучоци заедно со Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет да се достават до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

dhe në mënyrë objektive Kuvendin për punën e tij dhe për konstatimet e revizionit nga revizionet e kryera dhe i ofron mbështetje Kuvendit në përmbushjen e një pjese të kompetencave të tij, duke konstatuar dhe raportuar parregullsitë e konstatuara, mos respektimin e rregulloreve ligjore , veprimin e paligjshëm me fondet publike dhe rastet e mundshme të korrupsionit dhe shpërdorimit të detyrës zyrtare, prandaj bashkëpunimi mes dy institucioneve është veçanërisht i rëndësishëm.

13. Kuvendi do të vazhdojë të forcojë bashkëpunimin me Entin Shtetëror të Revizionit, në pajtim me Ligjin për Revizion Shtetëror dhe memorandumin e lidhur të bashkëpunimit, veçanërisht në drejtim të krijimit të një mekanizmi efektiv dhe efikas për shqyrtimin e raporteve përfundimtare të revizionit në Kuvend, me synim forcimin e mbikëqyrjes dhe kontrollit parlamentar të shpenzimit të fondeve publike. Synim strategjik dhe prioritet në periudhën e ardhshme do të jetë forcimi i pavarësisë dhe mëvetësisë së Entit Shtetëror të Revizionit duke e vendosur atë në Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut, si dhe miratimi i Ligjit të ri për Revizion Shtetëror të harmonizuar me legjislacionin e Vendeve anëtare të BE-së dhe praktika e Institucioneve të larta të revizionit që janë anëtarë të EUROSAI-t.

14. Këto konkluzione, së bashku me Raportin e Komisionit për financim dhe buxhet, duhet t'i dorëzohen Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ministrisë së Financave dhe Entit Shtetëror për Revizion.

Доставено до:
- Државниот завод за ревизија
-Владата на Република Северна Македонија
-Министерството за финансии
- Архивата

Dorëzuar për:
- Entin Shtetëror për Revizion
- Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
-Ministrinë e Financave
- Arkivin

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
**Африм Гаши / Afrim Gashi**

Изработил/ Përgatiti:
Контролирал/Kontrolloi:
Одобрил/ Miratoi:

Превел/Përktheu: Ibadete Zeqiri
Контролирал превод/
Kontrolloi përkthimi: